Уп. бр. 08-60

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Баумит Бетеилигунген ГмбХ, со регистрирано седиште на адреса Вопфинг 156, 2754 Валдегг, Република Австрија, преку адвокат Филип Зафировски од Скопје, на седницата одржана на ден 22.04.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Баумит Бетеилигунген ГмбХ, со регистрирано седиште на адреса Вопфинг 156, 2754 Валдегг, Република Австрија, ќе стекне контрола над МастерМас Сп. з.о.о., со регистрирано седиште на ул. Јузефа Пилсудскиего 55, Скавина, Република Полска, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 19.03.2026 година, а дополнето на 25.03.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Баумит Бетеилигунген ГмбХ, со регистрирано седиште на адреса Вопфинг 156, 2754 Валдегг, Република Австрија, со коа Баумит Бетеилигунген ГмбХ ќе стекне единствена контрола над МастерМас Сп. з.о.о., со регистрирано седиште на ул. Јузефа Пилсудскиего 55, Скавина, Република Полска, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Баумит Бетеилигунген ГмбХ е производител на градежни материјали и добавувач на брендови за бои, изолација, гипс, системи за реновирање и подни системи, како од сув малтер, така и од пастозни производи. Покрај тоа, друштвото е активно во производството на други градежни производи, маркетингот на овие производи, како и во транспортот и шпедицијата.

Баумит Бетеилигунген ГмбХ е дел од Шмид Индустриехолдинг Г.м.б.Х., Австрија. Шмид Индустриехолдинг Г.м.б.Х., Австрија има едно зависно друштво регистрирано во Република Северна Македонија, Друштво за производство, трговија и услуги БАУМИТ ДООЕЛ Скопје, со адреса на Јадранска Магистрала бр. 165 Скопје – Бутел, Република Северна Македонија и активно во снабдувањето со производи на БАУМИТ како што се суви малтери, фасадни системи, изолациски плочи и композитен систем за надворешна топлинска изолација, односно со приоритетна дејност 46.830 – трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема.

МастерМас Сп. з.о.о. е полски производител и добавувач на малтери со речиси триесетгодишно искуство во индустријата. Неговите главни производни линии се Класик (*Classic*), Еко Лајн (*Eco Line*), Топ Финиш (*Top Finish*), Премиум (*Premium*) и Конект (*Connect*), како и придружните прајмери Јуниверзал (*Universal*) и Супер Акрилик (*Super Acrylic*).

МастерМас нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија, ниту пак има остварено приходи во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**